4th international conceptual project

4-ти интернационален концептуален проект

# SITES

# МЕСТА

bitola june / july 2004

БИТОЛА ЈУНИ / ЈУЛИ 2004

Изложбата насловена како МЕСТА која во текот на јуни и јули 2004 година се случува низ повеќе простори во Битола, се однесува на реалноста и уметноста. Самиот резултат зависи од уметниковата волја да одбере едно од тие места. Делата ги истражуваат посебните животни ситуации кои се однесуваат на едно од нив. Избраните места се интегрален дел на овие дела и новокреираните ситуации стануваат дел од секојдневниот живот, па на тој начин ја бришат линијата помеѓу животот и уметноста. Делата ја истакнуваат важноста на избраното место и начинот на кој тие би можеле да се одделат од останатиот свет со уметниковата волја и одлука да ги стави и донесе во друг контекст, односно како тие можат да станат места каде тенденциите на секојдневниот живот и уметниковите идеали можат да се поврзат.

Билјана Исијанин, куратор

The exhibition entitled SITES which is happening during June an July 2004 at many spaces in Bitola, reflects upon reality and art. The very result depends on artists' will to select one of the spaces. The works research a peculiar life situations relating to each of the chosen sites. The chosen sites is an integral part of these works and the new created situation is becoming a part of everyday life so it erases the line between art and life. The artworks are presenting the importance of the chosen site for human life and the way in which they could be separated from the rest of the world by artists' will and decision to put it and bring it into the art context, or how they could become places where the tendency of everyday life and artistic ideals could be connected.

Biljana Isijanin,curator

**Учесници:**/Participants:

N55 (Ingvil H. Aarbakke & Jon SØrvin), Denmark
Gordana Vrencoska - Macedonia
CAB - Japan
Isamu Joseph Yamazoe - Japan
Irena Paskali - Macedonia
OPA (Slobodanka Stevceska & Denis Saraginovski), Macedonia
Enrico Glerean - Italy
Elementi (Biljana & Ljupco Isijanin), Macedonia

**Овој празен простор е наменет за информации во врска со распоредот на случувањата**
This empty space is for adding the information about the schedule of the events

Support/**Поддршка:**

Ministry of Culture of Republic of Macedonia
**Министерство за култура на Република Македонија**

KUNST >
The Danish Arts Agency
TheVisual Art Centre

**POLA ART FOUNDATION**

Organization/**Организација:**

Center for Contemporary Public Arts "Elementi"
**Центар за современи јавни уметности "Елементи"**
www.cac.org.mk/elementi

elementi

**Благодарност на:**/ Thanks to.
**Завод,музеј и галерија-Битола**
Institute,Museum and Gallery-Bitola
**Културен простор "Точка"-Скопје**
Cultural space "Tocka"-Skopje

Данската група **N55** работи со уметноста како дел од секојдневниот живот. Членовите на оваа група имаат свои размислувања за продукцијата и дистрибуцијата. Тие сугерираат логички односи и факти, како база за политиката. Идеологиите, религиите, субјективните мислења, социјалните конвенции и навиките често пати не ги почитуваат вистинските карактеристики. Она што овозможува да лицата се третираат како лица кои немаат права, е огромната концентрација на моќ што го карактеризира современиот свет. Концентрацијата на моќ ги тера луѓето да учествуваат во натпреварот и во игрите на моќта, со цел да создадат социјална позиција за себе. Таквата ситуација прави да вистинскиот печат на индивидуата исчезнува, а наместо него се појавува печат кој се стекнува преку конфликтите предизвикани од концентрацијата на моќта. Пресудно е да се најдат начини на егзистирање преку што помали концентрации на моќ. **N55** креираат упатства за работа со фабрика, земја, продавница, соба, фонд. Тие конструираат објекти (мини фабрики, мини продавници, мини соби, мини фондови) кои секој може да ги користи. Користењето на нивните дела со упатства е егзистенцијален момент кога се соочуваме со концентрацијата на моќта во самите себе.